**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 – 27/60
01.09. 2023 год.
Скопје

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ
# НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Скопје септември 2023 година

Усвоени со одлука на Управен одбор број 0202- 27/59 од 01.09.2023 година

I.ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Овие посебни услови се применуваат за осигурување од одговорност на угостителски друштва, кои со закон се регистрирани за вршење угостителска дејност.

Под угостителска дејност, во смисла на овие посебни услови, се подразбира дејност што ја вршат: хотели, кафеани, пансиони, одморалишта, средени кампови слично.

ЗНАЧЕЊЕ НА ОДДЕЛНИ ИЗРАЗИ

Член 2

Одделните изрази во овие услови ги имаат следните значења:

1. „ОСИГУРИТЕЛ" - ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ,

2. „ДОГОВАРАЧ НА ОСИГУРУВАЊЕ" - лице што со осигурителот го склучува договорот за осигурување;

3. „ОСИГУРЕНИК" - лице чија одговорност е покриена со осигурувањето;

4. „ТРЕТО ЛИЦЕ" - лице што не е субјект на договорот за осигурување, односно лице чија одговорност не е покриена со осигурувањето, како и работник на осигуреникот;

5. „СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ" - највисок износ на обврската на осигурителот за секој осигурен случај.

6. „ПРЕМИЈА" - износ што се плаќа за осигурување, врз основа на договорот за осигурување;

7. „ПОЛИСА" -документ на договорот за осигурување;

8. „ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ" - иден неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот штетен случај, кој има за последица настанување на штета за штотрето оштетено лице може да бара надоместок;

9. „ИЗВОР НА ОПАСНОСТИ" - дејност (занимање), предмети (подвижни и неподвижни), правен однос или одредено својство од кои може да настане одговорност како ризик покриен со ова осигурување.

II.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 3

(1) Предмет на осигурување според овие услови е законската одговорност на осигуреникот за штета настаната со смрт, повреда на телото или здравјето, како и оштетување или уништување на предмети на трето лице.

(2) Со ова осигурување се покрива одговорноста за штета што настанала или од дејност на осигуреникот, од поседување предмети, од правен однос, или од одредено својство како извор на опасност, што се обележани во полисата за осигурување, односно во понудата за осигурување.

(3) Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот поради оштетување, уништување, исчезнување или кражба на предмети за лична потреба на гостите што ги довеле во угостителскиот објект. Како предмети за лична употреба се сметаат и: аматерски фотоапарат и камера со прибор, опрема за викенд и кампување, радио и ТВ-приемник, касетофон, двоглед, ловечка пушка, лично оружје и спортски реквизити.

(4) Осигурувањето не се однесува на одговорност за штети настанати:

1) напредметите на гостите при нивната употреба, обработка или работење врз нив од страна на осигуреникот;

2) при исчезнување или кражба на предмети на гостите, ако тие се внесени во простории што се пристапни за секого, во кои се послужува храна и пијалак и слично, освен ако се предадени на чување кај осигуреникот.

(5) Ако посебно се договори, со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот за штети на возила според следните одредби:

1. Со осигурувањето е покриена и одговорноста на осигуреникот за оштетување, уништување, исчезнување, кражба и замена на возила оставени на чување (моторни возила, приколки, мотори и велосипеди).

2. Доколку возилото не е сместено во заклучена гаража, од осигурувањето се исклучени штетите на предметишто се наоѓаат на или во возилото, како и во одделни делови на возилото, освен предметитешто сериски се произведуваат со возилото и предметитешто според прописите, би требало да се наоѓаат во возилото.

3. Осигурителотима обврска само тогаш кога располага со точно одредено паркиралиште обележано за возила, ако возилата се прописно сместени и обезбедени и под услов да постои постојан чувар.

(6) Одговорноста за штети при исчезнување или кражба на пари, накит, хартии од вредност и документи од секаков вид, покриена е со осигурувањето ако тие предмети му се предадени на осигуреникот и се сместени во заклучена каса.

(7) Со осигурувањето е опфатена и одговорноста:

1) од помошни погони што му припаѓаат на осигуреникот (пералници, кујни, фурни, месарници и сл.), а кои му служат исклучиво за вршење на дејноста на осигуреникот;

2) од поседување предмети, простории и терени за спорт и рекреација што гостите ги користат бесплатно.

3) од користење лифтови за превоз на лица и товар.

ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Член 4

(1) Осигурувањето не се однесува на:

1) одговорност на осигуреникот за намерно причинета штета, освен ако штетата намерно јапричинил работник на осигуреникот, осигурителот стапува во правата на осигуреникот кон работникот како одговорно лице;

2) одговорност за штети што се во непосредна или во посредна врска со користење нуклеарна енергија, освен одговорност за штети од радиоизотопи што се користат за мирновременски цели (во медицината, биологијата, индустријата, земјоделството и сл.);

3) одговорност за штети настанати со држење или употреба на моторни возила и други возила на моторен погон (трактори, мотокултиватори, „самоодни" работни машини), воздухоплови и возила на вода, освен кога не се во функција на моторни возила и кога не можат да бидат покриени со осигурување од автоодговорност.

4) штети што ќе ги претрпи осигуреникот, брачниот другар на осигуреникот, децата и други лица што живеат со него во заедничко домаќинство и кои е должен да ги издржува;

5) одговорност на осигуреникот врз основа на договорно проширување на неговата одговорност и за случаи за кои, инаку, според закон не одговара;

6) штети на предмети или извршени работи коишто осигуреникот или некое друго лице по негов налог или за негова сметка, ги изработил или ги испорачал, ако причината за штетата е во изработката или во испораката;

7) штети од производи со недостатоци;

8) штети на туѓи предмети причинети при вршењена осигурената дејност (занимање) на овие и со овие предмети (како, на пример, обработка, поправка, превоз, испитување и сл.), освен акодо штетата дошло поради настан што не е во непосредна врска со професионални пропусти на осигуреникот.

9) штетишто настанале како последица на свесно постапувањеспротивно на прописите илиправилата според кои се врши дејноста, односно занимањето како извор на опасности од полисата;

10) штети што се последица на загадување на воздухот;

11) штети што се последица на професионални заболувања на работниците на осигуреникот.

12) Од осигурувањето е исклучена одговорноста за штети до кои би дошло поради тоа штоосигуреникот не ги одржувал, не ги менувал и не ги поправал уредите за прочистување на отпадните води идруги отпадни продукти, ниту, пак, се придржувал кон други мерки предвидени со прописите за заштита на животната средина.

(2) Со осигурувањето не се покриени штети што настануваат на предметитепоради:

1) трајно дејство на температури, гасови, пареа, влага или врнежи (чад, саѓи, прав и др.), како и поради мувлосаност, потреси, шумови и слично, што има за последица постепено настанување на штетата;

2) спуштање и лизгање на земјиште;

3) поплава на стоечки, истечни и подземни води.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 5

Со осигурувањето се опфатени осигурени случаи што настанале на територијата на Република Македонија, а на територијата на други земји само ако тоа посебно се договори или ако е предвидено со посебни одредби, освен доколку не станува збор за чисто имотна штета.

## ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 6

(1) Осигурен случај е иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникотштетен настан, врз основа на кој трето оштетено лице би можело дабара надоместок на штета.
Се смета дека осигурениот случај настанал во оној момент кога таквиот настан почнал да се остварува.

(2) Како еден осигурен случај се сметаат и повеќе временски поврзани штети ако се последица на иста причина.

ВРЕМЕНСКО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 7

(1) Осигурителот е во обврска само ако осигурениот случај настане за време на важење на осигурувањето.

(2) Осигурениот случај што настанал за време на важењето на осигурувањето, а причината е од периодот што претходи на склучување на договорот за осигурување или од време кога осигурувањето било прекинато, покриен е со осигурување само ако на договарачот на осигурувањето или на осигуреникот до почетокот на осигурувањето или до повторниот почеток на осигурувањето не му биде позната причината од која потекнува осигурениот случај.

(3) Кај штетите поради повреда на здравјето што настануваат постепено, во случај на сомневање се смета дека штетниот настан настанал тогаш кога првиот пат со лекарски наод е утврдена повредата на здравјето.

СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 8

(1) Сума на осигурување е горната граница на обврските на осигурителотза еден осигурен случај, па и тогаш кога за штетата одговараат повеќе лица чија одговорност е покриена со ова осигурување.

(2) Сумата на осигурувањето е единствена за лица и за предмети.

(3) По настанувањето на осигурениот случај и по исплата на оштетата, осигурувањето останува и понатаму на сила во висина на сумата на осигурување од полисата.

ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 9

(1) Осигуреникот е должен да го извести осигурителот за настанувањето на осигурениот случај, како и за поднесеното барање за надоместок на штетата веднаш, а најдоцна во рок од три дена по дознавањето.

(2) Осигуреникот е должен да го извести осигурителот и тогаш кога барањето за надоместок на штета против него ќе биде истакнато преку суд, ќе биде ставен во притвор, како и тогаш кога ќе биде поведена постапка за обезбедување докази.

(3) Ако е поведен подигнат обвинителен актили е донесена одлука за кривична постапка, осигуреникот е должен за тоа веднаш да го извести осигурителот, па и тогаш кога веќе го пријавил настанувањето на штетниот настан. Исто така е должен да го достави наодот до надлежниот орган во врска со настанатиот штетен настан.

(4) Ако со осигурувањето е покриена штета што настанала поради кражба на предмети, осигуреникот е должен без одложување да ја пријави кражбата на органот за јавна безбедност.

(5) Осигуреникот не е овластен без претходна согласност на осигурителот да се изјасни за барањето надоместок на штета, а особено да го признае потполно или делумно, за барањето за надоместок за штета се израмни како ниту да изврши исплата, освен ако според фактичката состојба не можело да се одбие признанието, израмнувањето, односно исплатата, а со тоа да не се направи очигледна неправда. Ако осигуреникот во заблуда сметал дека постои негова одговорност или дека фактите се правилно утврдени, тоа нема да го оправда.

(6) Ако оштетениот поднесе тужба за надоместок на штета против осигуреникот, осигуреникот е должен да му достави на осигурителот судска покана, односно тужба и сите писма во врска со штетниот настан и со барањето за надоместок на штетата, како и водењето на спорот да му ги препушти на осигурителот.

(7) Ако осигуреникот се спротивстави на предлогот на осигурителот барањето за надоместок на штетата да се реши со израмнување, осигурителот не е должен да го плати вишокот на надоместокот, каматите и трошоците што притоа настанале.

(8) Во случај оштетениот со барањето за надоместок на штета непосредно да му се обрати на осигурителот, осигуреникот е должен на осигурителот да му ги даде сите докази и податоци со кои располага, а што се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета и за оцена на основаноста на барањето, за обемот и за висината на штетата.

(9) Ако при променети околности осигуреникот стекне право за укинување или за намалување на рентата на оштетеното лице, должен е за тоа да го извести осигурителот.

(10) Доколку осигуреникот не се придржува до обврските од овој член, ќе ги сноси штетните последици што настануваат притоа, освен ако тие би настанале и кога тој би се придржувал кон обврските.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРИТЕЛОТ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД ОШТЕТЕНОТО ЛИЦЕ

### Член 10

Во врска со поднесеното барање за надоместок на штета од страна на оштетеното лице,осигурителот има обврска:

(1) заедно со осигуреникот да преземе одбрана на неосновани или на претерани барања за надоместок на штета (правна заштита-член 15);

(2) да ги задоволи основните барања за надоместок на штета (надоместок на штета - член 16);

(3) да ги надомести трошоците на судската постапка (надоместок на трошоците на постапката - член 17).

## ПРАВНА ЗАШТИТА

### Член 11

(1) Обврската на осигурителот за давање правна заштита опфаќа:

1) испитување на одговорноста на осигуреникот за настанатата штета;

2) водење спор во име на осигуреникот, ако оштетениот остварува право на надоместок на штета во процесната постапка;

3) давањеизјави во име на осигуреникот за коишто смета дека се целисходни за задоволување или за одбрана на неоснованото или претераното барање за надоместок на штетата;

(2) Во согласност и со упатство од осигурителот, водењето на спорот може да му се довери на осигуреникот, кој во таков случај е должен да се придржува до упатствата и до налозите на осигурителот во поглед на водење постапка во парница.

(3) Осигурителот може да го преземе водењето на процесот, да стапи на место на осигуреникот или да учествува во својство на вмешувач.

(4) Осигурителот е овластен да одбие да го води спорот или да го препушти водењето на спорот на осигуреникот ако оцени дека нема место за давање правна заштита со оглед на односот помеѓу висината на сумата на осигурување.

(5) Во случај осигурителот на име надоместок на штета да ја исплати сумата на осигурување пред поведување на спорот, престанува и неговата обврска на правназаштита.

## НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Член 12

(1) Осигурителот го исплатува надоместокот од осигурувањето во рок од 14 дена, сметајќи од денот кога ја утврдил својата обврска и висината на таа обврска.

(2) Осигурителот го исплатува надоместокот од осигурувањето врз основа на:

1) Признанието што го дал или го одобрил;

2) израмнувањето што го заклучил или го одобрил;

3) судската одлука.

(3) Осигурителот е овластен на име надоместок на осигуреникот да ја положи сумата на осигурување, па во тој случај се ослободува од сите обврски и постапки во врска со осигурениот случај.

(4) Осигурителот учествува во депонирањето заради обезбедување надоместок на штета за која осигуреникот би бил должен врз основа на законските прописи или судските одлуки и тоа најмногу до износот на висината на неговата обврска за надоместок наштета.

(5) Ако осигуреникот е должен да плати на име надоместок на штета рента, а капитализиранaта вредност на рентата ја преминува сумата на осигурување, или остатокот на сумата по одбивање на другите давачки во врска со истиот осигурен случај, рента што ја должи ќе се надомести само во размер помеѓу сумата на осигурување, односно остатокот на сумата на осигурување и капитализиранaта вредност на рентата.
Капитализиранaта вредност на рентата за пресметување на пропорциитесе смета врз основа на важечките табели на смртност за осигурување на живот во Република Македонија.

(6) Ако осигурителот се спротивстави на предлогот на осигуреникот да се спогоди за барањето за надоместок на штета, должен е да ги плати надоместокот, каматите и трошоците и тогаш кога ја надминува сумата на осигурување.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА

Член 13

(1) Осигурителот ги надоместува сите трошоци на процесната постапка доколку самго водел спорот или му дал согласност на осигуреникот за водење на спорот, па и тогаш кога барањето за надоместок на штета не било основано.

(2) Ако парницата е водена без знаење и без согласност на осигурителот, со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот, доколку заедно со надоместокот на штетата не ја надминуваат сумата на осигурување.

(3) Осигурителот ги сноси трошоците на бранителот во кривичната постапка поведена против осигуреникот заради настан штокако последица би можел да има поставување на барање за надоместок на штета врз основа на одговорност покриена со осигурувањето и тоа исклучително ако е запознаен со изборот на бранителот и ако прифатил да ги сноси трошоците. Трошоците на кривичната постапка, како и трошоците на застапување на оштетениот, осигурителот не ги надоместува.

(4) Кога ќе ја изврши својата обврска со исплатата на сумата на осигурување, осигурителот се ослободува од понатамошни давања на име надоместок и трошоци за еден осигурен случај.

## НЕПОСРЕДНО БАРАЊЕ НА ОШТЕТЕНО ЛИЦЕ

### Член 14

(1) Ако оштетеното лице своето барање или тужбата за надоместок на штета го упати само коносигурителот, осигурителот ќе го извести за тоа осигуреникот и ќе го повика за да му ги даде сите потребни податоци и постапки во согласност со член 13 став 8 од овие услови, како и самиот осигуреник да ги преземе мерките за заштита на своите интереси.

(2) Доколку во случајов од претходниот став осигурителот одлучи да му исплати надоместок на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

## IIIОПШТИ ОДРЕДБИ

## ПРЕМИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 15

(1) Ако основа за пресметување на премијата е годишниот нетоличен доход на работниците, конечната пресметка на премијата се врши по завршувањето на годината, врз основа на остварениот личен доход.

(2) Во случај на престанување на договорот за осигурување пред договорениот рок на траење, ако договарачот имал некаков попуст на траење на осигурувањето, должен е износот на премијата одобрена на име на попустотда му го врати на осигурителот.

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРИТЕЛОТ

### Член 16

Обврската на осигурителот престанува:

1) кај договорот за осигурување со одреден рок на траење, со истекот на 24-тиот час од денот што е наведен во полисата како ден на истек на осигурувањето, доколку не е поинаку договорено;

2) кај договорот за осигурување со неодреден рок на траење ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, осигурувањето се продолжува од година во година, освен ако некоја од договорните страни најдоцна три месеци пред истекот на тековната година на осигурувањето, писмено ја извести другата страна за откажување на договорот за осигурување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истек на дваесет и четвртиот час од последниот ден на тековната година на осигурување.

НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 17

(1) Сите известувања и пријавишто се должни да ги направат договорните страни во смисла на одредбите од овие услови, мора задолжително да се потврдат писмено ако се направени усно, по телефон, со телеграма или на некој друг сличен начин.

(2) Како ден на прием на известувањето, односно пријавата, се смета денот кога е примено известувањето, односно пријавата. Ако известувањето, односно пријавата е испратена препорачано по пошта, како ден на прием се смета денот кога е предадена во поштата.

(3) Спогодбите што се однесуваат на содржината на договорот се полноважни само ако се склучени во писмена форма.

ИЗМЕНА НА НАЗИВОТ ИЛИ АДРЕСАТА (ФИРМА)

Член 18

(1) Договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот е должен за измените на името, називот или адресата, да го извести осигурителот во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

(2) Ако договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, не го извести осигурителот за промените од претходниот ставза полноважност на известувањата што ги испраќа осигурителот, доволно е ако му упати на договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, препорачано писмо според последните податоци за адресата на станот, деловните простории, односно имињата и називите со коишто располага.

Известувањето станува полноважно на денот кога според редовниот тек на работите станало полноважно кога не би настанале промените од претходниот став.

ИЗМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ

Член 19

(1) Кај договорите за осигурување склучени на траењеподолго од една година, измените во условите за осигурување и во тарифата на премиизвршени по склучување на

договорот за осигурување, ќе се применуваат дури по истекот на годината на осигурување, освен ако се поповолни за осигуреникот.

(2) Осигурителот е должен, писмено или на друг соодветен начин, да го извести договарачот на осигурувањето за извршените измени во условите за осигурување, односно во тарифата на премии.

(3) Договарачот на осигурувањето има право во рок од 30 дена од денот на приемотна известувањето за извршените измени во условите за осигурување, односно во тарифата на премии, да го откаже договорот за осигурување.

(4) Во случај на отказ од претходниот став, договорот за осигурување престанува во 24часот од последниот ден на тековната година на осигурувањето во која е извршена измената во условите за осигурување, односно во тарифата на премии.

(5) Ако договарачот на осигурувањето не го откаже договорот во рокот одреден во став (3) на овој член, договорот за осигурување се менува со почетокот на наредната година на осигурување, во согласност со извршените измени во условите за осигурување, односно во тарифата на премии.

## ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ И НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТИ

### Член 20

(1) За прашањата што не се регулирани со условите,ќе се применуваат соодветни одредби од Законот за облигациони односи.

(2) Доколку не се во спротивност со овие општи услови, на осигурувањата склучени по овие условисе применуваат и општите услови за осигурување имоти.

## НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

### Член 21

Во случај на спор помеѓу осигуреникот, односно договарачот на осигурувањето и осигурителот, надлежен е судот,според местото на склучување на договорот за осигурување.

## ПРИМЕНА НА ОВИЕ УСЛОВИ

### Член 22

(1) Овие услови за осигурување се применуваат за осигурување на имотот, освен на оние видови на осигурување, кои во условите за осигурување имаат и одредби од општите услови за осигурување имоти.
На договорот за осигурување на имотот се применуваат и други обврзни одредби од Законот за облигационите односи - Глава XXX - осигурување, а диспозитивните одредби, доколку прашањата на кои се однесуваат не се поинаку регулирани со овие услови.

(2) Ако односите што се регулираат со одредбите од овие услови поинаку се регулирани во условите, односно во посебните услови за одделни видови осигурување имот, ќе се применуваат од тие услови на осигурување.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23
Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Член 24
Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Член 25
Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Член 26
Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 27
Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за

надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

Член 28
Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

Член 29
Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

Член 30
Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

Член 31
Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

Претседател на управен одбор
Елизабета Божиновска